Врз основа на член 34 од статутот на Факултетско Студентско Собрание при Економски факултет- Прилеп претседателот на ФСС објавува:

# КОНКУРС

## <u>За избор на Заменик Студентски Правобранител</u>

Заменик Студентски Правобранител постаува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено правото на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот. Органите на факултетот се должни да постапат по укажувањето на заменикот студентски правобранител.

Заменик Студентски правобранител постаува по поднесок на студент и/или група на студенти во случај кога станува збор за повреда на студентски права: Проверка на знаење; Испитни рокови; Оценување; Објавување на резултати и право на увид; Дисцилинска одговорност на студентот; Други права на студентот, во согласност со Законот за високо образование, Статутот на факултетот и други факултетски и/или Универзитетски акти. Мандатот на заменикот студентски правобранител е 2 години, без можност за реизбор, заради што при изборот треба да се има во предвид запишаната година на студии на пријавените кандидати.

Заменикот студентски правобранител има право на паричен надомест за неговата работа.

**Услови за пријавување:**

- Кандидатите кои се пријавуваат треба да бидат редовни студенти на Економски Факултет-Прилеп
- Кандидатите кои се пријавуваат треба да имаат просечна оценка од најмалку 8 (осум)

**Документи за пријавување на конкурсот:**

- Пријава
- Потврда за редовен студент
- Потврда за просечна оценка
- Кратка биографија (Europass)
- Кратко мотивационо писмо

Рокот за пријавување на конкурсот е 15 дена од денот на објавување на конкурсот.

Пријавите со потребни документи се поднесуваат најдоцна до 01.12.2021, до Конкурсната комисија, преку архивата на Економски Факултет –Прилеп.

Факултетско Студентско Сосбрание на Економски Факултет-Прилеп

Претседател,

Ѓорѓи Вељаноски